# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 2 * година VII* 08.02.2012 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, февруари 2012 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлукта за прекинување на наставата во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за прекинување на наставата во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош донесена на Четириесет и осмата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош одржана на 07 февруари 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-933/1**
**08.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 38, став 6 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2008, бр.33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011 и 51/2011), Советот на Општина Карпош, на Четириесет и осмата седница, одржана на 7 фрвруари 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

за прекинување на наставата во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош

Член 1

Поради настанати природни непогоди (снежно невреме) се прекинува наставата во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош: Јан Амос Коменски, Братство , Лазо Трповски, Димо Хаџи Димов, Војдан Чернодрински, Вера Циривири Трена, Аврам Писевски, Христијан Тодоровски Карпош , Петар Поп Арсов и Владо Тасевски на подрачјето на Општина Карпош во периодот од 07 до 10 февруари 2012 година.

Член 2

Деновите во кои нема да се одржува наставата ќе се одработат во саботите во наредниот период.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-903/1
07.02.2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за прекинување на наставата во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош со Решение за објавување .......................... 1-2

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 25 примероци